# Општи услови за осигурување на живот поврзано со инвестициони фондови

Друштво за животно осигурување СИГАЛ ЛАЈФ А.Д Скопје, Бул. Илинден 1 , 1000 Скопје, тел. 02 3288 820. факс 02 3215 128, www.sigal.com.mk
Овие услови се донесени на редовна седница на Управен одбор одржана на 16.02.2026 година и со одлука бр. 2026-15 се применуваат од 16.02.2026 година

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Општи услови за осигурување на живот поврзано со инвестициони фондови каде осигуреникот го носи инвестициониот ризик (во понатамошниот текст: Услови), се составен дел од договорот за осигурување на живот во случај на смрт или доживување каде вложувањата се вршат во инвестициони фондови, каде осигуреникот го носи инвестициониот ризик, кој што Договорувачот на осигурување ќе го склучи со СИГАЛ Лајф А.Д Скопје ( во понатамошниот текст: Осигурувач) Поединечни поими во овие Услови ги имаат следните значења: Осигурувач – друштво за животно осигурување СИГАЛ Лајф А.Д Скопје; Договорувач на осигурувањето – лице кое со Осигурувачот склучило договор за осигурување на животот; Друштво за осигурување (во натамошниот текст: друштво) – е друштво за осигурување кое добило дозвола од Агенцијата за супервизија на осигурување за вршење работи на осигурување во класата на осигурување 21 - Осигурување на живот во врска со удели во инвестициски фондови кога осигуреникот го презема инвестициониот ризик во однос на промена на вредноста на инвестиционите купони или други хартии од вредност на инвестиционите фондови;

**Осигуреник** – физичко лице на чиј живот се однесува осигурувањето и од чие доживување или смрт зависи исплатата на осигурената сума;

**Корисник на осигурувањето** – лице на кое му се исплатува осигурената сума за договорениот осигурен случај;

**Понуда** – пишан предлог на поднесителот на понудата за склучување на договор за осигурување на образец на Осигурувачот;

**Полиса** – документ издаден од Осигурувачот како писмен доказ за склучениот договор за осигурување;

**Осигурен случај** – иден, неизвесен и независен настан од исклучивата волја на Договорувачот предизвикан од осигурен ризик ;

**Случај доживување** – престанување на договорот за осигурување поради истек на договорениот период на осигурување;

**Случај смрт** – прекин на договорениот периодот на осигурување на живот во случај на настанување на смрт на осигуреникот;

**Инвестициско портфолио** – е вкупниот број на удели во инвестициски фондови за еден договор за осигурување

**Отворен инвестициски фонд** - претставува посебен имот, без својство на правно лице, чии сопственици на удели имаат право на сразмерен дел од добивката на фондот и во секое време имаат право да побараат исплата на уделот, со што ќе истапат од фондот;

**Друштво за управување со инвестициски фонд (во натамошниот текст: ДУИФ)** – е акционерско друштво со седиште во Република Северна Македонија кое добило дозвола од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за вршење на работи за основање и управување со инвестициски фондови;

**Вредност на инвестициско портфолио** – е производот од вкупниот број на удели и цената на уделот на денот на пресметката;

Нето вредноста по удел е нето вредност на имотот на фондот поделена со бројот на уделите на фондот во моментот на пресметување на нето вредноста на имотот на фондот;

**Удели во инвестициски фонд** - е сразмерен пресметковен дел од вкупната вредност од инвестицискиот фонд

Цената на уделите во отворениот фонд е единствена цена еднаква на нето вредноста на имотот на фондот по удел, која се пресметува врз основа на пазарната цена на сите хартии од вредност од портфолиото на фондот

**Вредноста на имотот на инвестицискиот фонд** – е збир на вредноста на хартиите од вредност во портфолиото на инвестициски фонд, паричните депозити на фондот кај банките и друг имот на фондот;

**Нето вредност на имотот на инвестициски фонд** – е вредноста на имотот намалена за износот на обврските на фондот;

**Премија** - паричен износ кој Договорувачот на осигурувањето е должен да му го уплати на Осигурувачот согласно договорот за осигурување на живот;

**Премија за вложување** – дел од премијата наменет за купување удели во инвестициски фонд регистриран во Регистарот на инвестициски фондови во Република Северна Македонија, а го води Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, за што друштвото за осигурување на живот формира посебна резерва;

**Премија за осигурување** – дел од премијата наменет за осигурително покритие во случај на смрт на осигуреникот, за што друштвото формира математичка резерва

**Осигурена сума за доживување** – е вредноста на инвестициското портфолио по истек на осигурувањето;

**Осигурена сума во случај на смрт** – одговара на збирот на загарантиран износ во случај на смрт и вредноста на инвестициското портфолио;

**Загарантиран износ во случај на смрт** – паричен износ кој се утврдува со одреден процент од вкупна договорена премија за целото времетраење на договорот за осигурување на живот;

### Член 1

(1) Составен дел од договорот за осигурување се понуда, полиса за осигурување, Општи услови за осигурување на живот поврзано со инвестициони фондови и посебни услови ако се договорени.
(2) Покрај осигурување на живот по овие Општи услови можат да се договорат и дополнителни осигурувања, согласно дополнителните услови за осигурување Ако со осигурување на живот се договори и дополнително осигурување, составен дел на договорот се и дополнителните услови на осигурувачот за соодветното дополнително осигурување.
(3) Покрај понудата составен дел на договорот за осигурување се и: Општите, Посебните и Дополнителните услови, Изјава на договорувачот на осигурување ( потврда за прием ) на Документот со клучни информации.
(4) Согласно овие Општи услови можат да се осигураат здрави лица од навршени 14 години на животот па се до завршувањето на календарската година во која осигуреното лице навршило 70 години на животот. Осигурувањето треба да заврши во календарската година во која осигуреникот ќе наврши 75 години старост.
(5) Ова осигурување може да се договори со времетраење од 5 до 35

години.
(6) За осигурување на лица кои се подложни на повисока смртна опасност, Осигурувачот има право да примени зголемување на премијата за осигурување на ризик смрт од осигурувањето поради зголемените ризици. Зголемувањата ги определува Осигурувачот според процена на ризикот врз основа на соодветните услови за осигурување на зголемени ризици (анормален ризик).
(7) Заради изразено тешки ризици, Осигурувачот може да го оцени осигуреникот како неприфатлив за осигурување.

**Член 2**

**Понуда за склучување на договор за осигурување**

(1) Понудата за осигурување се доставува во образец на Осигурувачот. Понудата треба да биде целосно, вистинито и точно пополнета и во неа мора да се наведат сите значајни факти за процена на ризик и прием во осигурување.
(2) Осигурувањето на живот поврзано со инвестициски фондови според овие Услови и доставената понуда може да биде склучено со или без лекарски преглед.
(3) Ако Договорувачот и Осигуреникот не се исто лице, за договорот да биде важечки потребен е и потпис од Осигуреникот, или при потпишување на понудата да достави полномошно за склучување на договор за осигурување на живот каде ќе биде наведен загарантираниот износ во случај на смрт.
(4) Потписите на Понудувачот/Договорувачот на осигурувањето и Осигуреникот на понудата за осигурување ќе се сметаат за потписи на полисата.

**Член 3**

**Склучување на договор**

(1) Договорот за осигурување на живот поврзан со инвестициони фондови се склучува кога понудата за осигурување ќе биде прифатена.
(2) Понудата за склучување на договор доставена во писмена форма е валидна за барателот 8 дена од денот кога осигурувачот ја примил понудата за осигурување без лекарски преглед, во случај кога е потребен лекарски преглед понудата е валидна во период од 30 дена. Како ден на прием на понудата се смета денот кога понудата службено е примена од страна на Осигурувачот.
(3) Ако Осигурувачот во рокот наведен во став 2 од овој член не ја одбие понудата која не отстапува од Условите под кои Осигурувачот склучува договор за осигурување на живот поврзано со инвестициони фондови, ќе се смета дека ја прифатил понудата и дека договорот е склучен тој ден кога понудата пристигнала кај Осигурувачот и под услов до тој ден да е платена првата договорена премија или првата рата на премијата.
(4) Ако Осигурувачот изјави дека го прифаќа договорот само под изменети услови, се смета дека договорот е склучен кога понудувачот ќе се согласи на изменетите услови.
(5) Осигурувачот го задржува правото да ја одбие понудата за осигурување без дополнително објаснување за причините за одбивање на понудата, а понудата со приложените документи, освен документите предадени во оригинал, не му се враќаат на осигуреникот / Договорувачот
(6) Договорувачот на осигурувањето може да го извести осигурителот за повлекувањето од договорот за осигурување најдоцна во рок од 30 (триесет) дена од денот наведен на договорот како ден на почеток на осигурувањето . Во тој случај, тој нема да биде одговорен за обврските кои произлегуваат од договорот за осигурување.

**Член 4**

**Почеток и истек на осигурувањето**

(1) Договорот за осигурување на живот поврзан со инвестициони фондови се склучува на одредено време со еднократно плаќање на премија на почетокот на периодот на осигурување или плаќање на еднакви рати кои се претходно договорени.
(2) Осигурувањето на живот започнува од 00:00 часот на денот кој на полисата е назначен како почеток на осигурувањето и кој е првиот ден во месецот кој следи по месецот на склучување на договорот и плаќање на првата премија или првата рата, односно еднократната премија за целиот период на осигурување. Обврските на Осигурувачот започнуваат од датумот на почетокот на осигурувањето согласно став (1) на овој член, и само ако до тој датум е платена првата премија или првата рата.
(3) Ако договорената премија или нејзината прва рата, односно еднократна премија не е уплатена до почетокот на осигурувањето или во договорениот рок, обврската на Осигурувачот започнува во 00:00 часот во првиот нареден ден кога договорената премија ќе се плати во целост, но не пред почетокот на осигурувањето. Пред датумот на почеток на осигурување кој е наведен во полисата за осигурување не постои обврска на Осигурувачот.
(4) Осигурувањето на живот трае до 00:00 часот на денот кој во полисата е наведен како ден на истек на осигурувањето.
(5) Договорот за осигурување може да престане и пред истекот на договорениот период на осигурување во случај на смрт на осигуреникот, откуп, раскинување на договорот и согласно овие Услови и одредбите од ЗОО.

**Член 5**

**Обврски за пријава на податоци при склучување на договор**

(1) При склучување на договор за осигурување на живот поврзано со инвестициони фондови, Договорувачот е должен при склучување на договорот да му ги пријави на осигурувачот сите околности кои се значајни за оцена на ризик, а кои му се познати или не можеле да му останат непознати.
Одредбата на став (1) од овој член се однесува особено на околностите за кои осигурувачот во понудата бара дополнителни податоци.
(2) Договорувачот на осигурувањето е должен по барање на осигурувачот да ги обезбеди од осигуреникот сите потребни податоци кои се однесуваат на него.
(3) Договорувачот на осигурувањето е должен да даде точна, вистинита и потполна изјава за околностите кои се значајни за проценка на ризик, а посебно тие околности кои се наведени во понудата, како и други податоци побарани од страна на Осигурувачот.
(4) Ако договорот за осигурување на живот поврзан со инвестициони фондови се склучува во име и за сметка на друго лице или во корист на трето лице, или за туѓа сметка, одредбите од овој член се однесуваат и на тоа лице, ако знаела дека податоците, потребни за проценка на ризик се непотполни и неточни.

**Член 6**

**Намерна неточна пријава или премолчување**

(1) Ако Договорувачот намерно дал неточни информации, или намерно премолчил некоја околност од таква природа што осигурувачот не би склучил договор да знае за правата состојба на работите, односно околностите, Осигурувачот може да бара поништување на договорот.
(2) Во случај на поништување на договорот врз основа на став (1) од овој член, Осигурувачот ја задржува наплатената премија за осигурување. Ако до денот на поднесување на барањето за поништување на договорот настапила смрт на осигуреникот, Осигурувачот ќе исплати вредноста на инвестициското портфолио намалена за доспеана ненаплатена премија за осигурување на ризик смрт.
(3) Правото на осигурувачот да бара поништување на договорот за осигурување престанува ако осигурувачот во рок од три месеци од денот на дознавање на неточноста на пријавата или премолчување не му изјави на Договорувачот на осигурувањето дека има намера да го користи ова право.

**Член 7**

**Ненамерна неточна пријава или премолчување**

(1) Ако договорувачот изврши неточна пријава, односно дал неточни податоци, или пропуштил да ги даде бараните известувања, а тоа не го извршил намерно, Осигурувачот може , во рок од месец дена од дознавањето за неточноста или непотполноста на пријавата, да изјави дека го раскинува договорот или да предложи зголемување на премијата во размер со зголемениот ризик.

(2) Доколку договорот се раскинува врз основа на изјава на Осигурувачот, осигурувањето престанува по истек на 14 дена од денот кога осигурувачот ќе му ја соопшти на договорувачот својата изјава за раскинување на договорот, а во случај ако постои предлог од Осигурувачот за зголемување на премијата, раскинувањето настапува врз основа на законот, ако Договорувачот не го прифати предлогот со плаќање на дополнителна премија во рок од 14 дена од денот на прием на предлогот.

(3) Во случај на прифаќање на предлогот за зголемување на премија, Осигурувачот ја наплатува разликата за зголемената премија за ризик смрт која требаше да биде платена за реалниот ризик од вредноста на инвестициското портфолио.

(4) Во случај на раскинување на договорот врз основа на одредбите на овој член, Осигурувачот е должен да врати дел од премијата за ризик смрт кој се однесува на времето до крај на осигурителната година и вредноста на инвестициското портфолио намалено за износот на излезни трошоци согласно член 15 од овие Услови.

(5) Ако осигурениот случај настане пред утврдувањето на неточноста или непотполноста на пријавата или после тоа, но пред раскинување на договорот, односно постигнување на спогодба за зголемување на премијата, осигурената сума се намалува пропорционално со платената премија и премијата која треба да се плати.

**Член 8**

**Неточност или непотполна пријава**

(1) Ако во моментот на склучување на договорот на Осигурувачот му биле познати и/или не можеле да му останат непознати околности кои се значајни за проценка на ризик, а кои договорувачот на осигурувањето неточно ги има пријавено или ги има премолчено, не може да се повикат на неточност на пријавата или премолчување.

(2) Истото важи и во случај кога Осигурувачот дознае за тие околности за време траење на осигурувањето, а не се користени законските овластувања.

**Член 9**

**Неточна пријава на пристапната старост на осигуреникот**

(1) Во случај на неточна пријава на пристапната старост на осигуреникот, следат следните последици:

1. Договорот за осигурување е ништовен и Осигурувачот е должен да ја врати премијата за осигурување на ризик смрт и вредноста на инвестициското портфолио намалена за износот на излезни трошоци согласно член 15 од овие Услови, ако за време на склучување на договорот се неточно пријавени годините на старост на осигуреникот, а неговите вистински години на старост ја надминуваат границата до која Осигурувачот склучува договор за осигурување на живот поврзано со инвестициони фондови.

2. Ако е неточно пријавено дека осигуреникот има помалку години, а неговите вистински години на живот не ја надминуваат границата до која Осигурувачот склучува договор за осигурување на живот поврзано со инвестициони фондови, договорот е важечки, а инвестициското портфолио се намалува во размер со договорената премија и премија предвидена за осигурување на ризик смрт на лице кое има години колку и осигуреникот. Осигурувачот ќе ја наплати премијата која треба да се плати према точната возраст на осигуреникот од вредноста на инвестициското портфолио.

3. Ако осигуреникот има помалку години отколку што е пријавено при склучување на договорот, премијата се намалува на соодветниот износ, а Осигурувачот за разликата помеѓу наплатената премија и премијата на која има право ќе го зголеми инвестициското портфолио.

**Член 10**

**Како се определува и како се плаќа премијата од осигурувањето**

(1) Премијата од осигурувањето која Договорувачот е должен да ја плати на Осигурувачот за склучување на полиса е составена од: премијата за вложување, премија за осигурување на ризик смрт и трошоците за осигурување.

(2) Премијата за осигурување на ризик смрт е утврдена согласно тарифите и условите на Осигурувачот во зависност од возраста на осигуреникот, висината на загарантираниот износ во случај на смрт и полот.

(3) Пристапната старост на осигуреникот се пресметува како разлика од годината на почеток на осигурувањето и годината на раѓање на осигуреникот. Долната и горната граница на возраста се определуваат согласно тарифите и условите на Осигурувачот.

(4) Премијата од осигурувањето и осигураната сума се договараат во ЕУР и се плаќаат во денари согласно средниот курс на НБРМ на приемот на уплатата.

(5) Првата премија се плаќа однапред, во рокови определени во полисата за осигурување, со можност за повеќекратно и еднократно плаќање на премијата.

(6) Договорувачот е обврзан да ја плаќа премијата во договорениот рок и на договорениот начин на денот на доспевањето на премијата.

(7) Премијата се плаќа во полниот износ, без намалување за трошоците од платниот промет. Можните трошоци од платниот промет ги поднесува Договорувачот на осигурувањето.

(8) Ако не може да се реализира уплатата на премијата во корист на Осигурувачот, поради причина за која е одговорен Договорувачот на осигурувањето, ќе се смета дека премијата е платена на денот кога е реализирана уплатата во корист на Осигурувачот.

(9) Договорувачот на осигурувањето може при поднесувањето на понудата да уплати аванс. Износот на авансот се признава како уплатена премија доколку договорот за осигурување биде склучен, а во спротивно авансот се враќа во целост

**Член 11**

**Плаќање на премија**

(1) Договорувачот на осигурување е должен договорената премија за осигурување (еднократно или повеќекратно) да ја плати во полн износ без намалување за трошоците за платен промет. Трошоците за платен промет се на товар на договорувачот на осигурувањето.

(2) Повеќекратната премија за осигурување може да се плати годишно или на рати и тоа полугодишно, квартално или месечно. Не се пресметува доплаток за плаќање на премија во период помал од една година. Во случај на настанување на осигурен случај смрт, Осигурувачот е овластен да ја наплати премијата за ризик смрт до крај на осигурителната година кога настанала смртта на осигуреникот од вредноста на инвестициското портфолио.

(3) Првата рата или еднократната премија доспева за плаќање на денот кој е наведен како почеток на осигурувањето ако поинаку не е договорено. Премијата за осигурување на ризик смрт кај договорите со еднократно плаќање на премија се плаќаат годишно и доспева првиот ден од наредниот период од осигурување и истата се наплаќа годишно до крај на периодот на осигурување од инвестицкото портфолио.

(4) Во случај да е договорено плаќање на годишната премија на рати, истата доспева првиот ден од наредниот период на осигурување.

(5) Ако договорувачот на осигурување или некое друго заинтересирано лице не ја плати премијата за осигурување за два последователни месеци, Осигурувачот ќе го повика со препорачано писмо да ја плати достасаната премија во рок од 30 дена од денот на врачувањето на препорачаното писмо.

(6) Ако во рокот утврден со препорачаното писмо од став (5) на овој член достасаната премија не ја плати договорувачот ниту тоа го направи некое друго заинтересирано лице, осигурувачот може:

- со изјава да го раскине договорот, ако премијата била платена за помалку од 3 (три) години доколку премијата се плаќа повеќекратно и во тој случај дотогаш уплатената премија не му се враќа на Договорувачот,

- да му изјави на договорувачот дека го намалува загарантираниот износ во случај на смрт во случај кога се исполнети претпоставките за ослободување на обврската за плаќање на премија утврдени во член 22 на овие Општи услови.
Ако осигурениот случај се случи пред раскинување на договорот или пред намалување на загарантираниот износ во случај на смрт, се смета дека договорот е раскинат односно, дека загарантираниот износ во случај на смрт се намалува во зависност од тоа дали е платена премијата за првите три години или не.
(7) Премијата може да се плаќа во благајните на осигурувачот или преку пошта или банка. Премијата се смета за платена оној ден кога осигурувачот ја примил уплатата.
(8) За одложување на плаќањето на премијата потребно е претходно пишан договор со Осигурувачот.
(9) Доколку премијата не биде платена на време , премијата ќе се инвестира во инвестициски фонд после извршената уплата и тоа во првиот можен термин за вложување ( Член 20 став (1)).

**Член 12**

**Инвестициско портфолио**

(1) Премијата за вложување како дел од премијата за осигурување во Договорите за осигурување на живот поврзано со инвестициони фондови се инвестираат во инвестициски фонд управувано од Друштвото за управување со инвестициски фондови кое е наведено во Понудата и Полисата која е издадена при склучување на Договорот за животно осигурување.
(2) Договорувачот на осигурувањето го бира инвестициското портфолио од понудените инвестициски фондови од Друштвото за управување со инвестициски фондови, при склучување на договорот за осигурување.
(3) Кај осигурувањето на живот поврзано со инвестициони фондови Осигуреникот го презема инвестициониот ризик при промена на инвестициските удели
(4) Осигурувачот во рок од 30 дена по истекот на календарската година ќе го извести осигуреникотс со достава на годишен извештај за склучениот дговор за осигурување на живот во врска со удели во инвестициски фндови. Исто така Осигурувачот е должен на својата интернет страна да обезбеди податоци за вредноста на уделите на инвестициските фондови или линк до официјално објавени дневни податоци за вредноста на уделите во инвестициските фондови.
(5) Вредноста на инвестициското портфолио е изразена во денари и сите уплати и исплати од инвестициското портфолио се вршат во денари.
(6) За пресметка на уплата во инвестициско портфолио се употребува средниот курс на НБРСМ кој е важечки на денот кога паричните средства за уплата на премијата се пристигнати на сметка на Осигурувачот .
(7) За пресметка на исплатата од вредноста на инвестициското портфолио се зема денарската вредност на денот на продажба на уделот во избраното инвестициско портфолио.

## ВЛОЖУВАЊЕ ВО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД

**Член 13**

**Вложување во инвестициски фондови и вредност на инвестицискoто портфолио**

(1) Со премијата за вложување, Осигурувачот купува удели во инвестицискиот фонд управувано од Друштвото наведено во Понудата и Полисата која е издадена при склучување на Договорот за осигурување на живот.
(2) Со зголемување на цената на Уделите на инвестицискиот фонд, се зголемува и вредноста на инвестициското портфолио, со намалување на цената на Уделите на инвестицискиот фонд, се намалува и вредноста на инвестициското порфолио.
(3) Осигуреникот го сноси инвестицискиот ризик при промена на вредноста на инвестираните удели. Според тоа, Договорувачот нема гарантирана сума при истек на осигурувањето, исто така и нема гарантирана откупна вредност.
(4) Бројот на удели кој што се купува во инвестициски фонд или кој што се стекнува со премијата за вложување, за секој договарач/осигуреник поединечно зависи од цената на уделот на датумот на купување / стекнување. Датум на купување/стекнување на удели во отворени инвестициски фондови е најмногу петнаесет работни денови од датумот на уплатата на премијата за вложување.
(5) За новосклучените договори за осигурување на живот датата на купување на удели во отворени инвестициски фондови е најмногу петнаесет работни денови од денот кога понудата за осигурување ќе биде прифатена.

**Член 14**

(1) За времетраење на договорот, Договорувачот на осигурувањето може писмено да побара промена на инвестициски фонд во кој се вложува премијата за вложување само во рамки на инвестициските фондови со кои управува Друштвото за управување со инвестициски фондови кое е наведено во понудата и полисата која е издадена при склучувањето на Договорот за осигурување на живот. Преносот од еден во друг инвестициски фонд во рамките на инвестициските фондови со кои управува Друштвото за управување со инвестициски фондови кое е наведено во понудата и полисата која е издадена при склучувањето на Договорот за осигурување на живот може да се дозволи со претходно одобрение од страна на Осигурувачот. Доколку друштвото за управување со инвестициски фондови наплатува трошоци за пренос, истите се наплатуваат од вредноста на ивестициското портфолио. Промената е можна со почеток на месецот кој следи по месецот во кој осигурувачот има службено добиено писмено барање за промена на инвестицискиот фонд во рамки на инвестициските фондови со кои управува Друштвото за управување со инвестициски фондови кое е наведено во понудата и полисата која е издадена при склучувањето на Договорот за осигурување на живот, доколку осигурувачот го прими барањето до 25-ти во месецот. Доколку барањето е примено после 25-ти во тековниот месец , промената е можна после истек на наредниот месец.
(2) Во случај да дојде до припојување, ликвидација, стечај на некој инвестициски фонд, губење на дозвола за работа, или кога со инвестицискиот фонд не може повеќе да се тргува или може само делумно да се тргува ,осигурувачот ќе го извести Договорувачот за настанатата состојба и ќе му се даде алтернатива да премине во друг фонд кај истото ДУИФ или да премине во друг фонд кај друго ДУИФ , за што договарачот треба да се произнесе во рок од 15 дена од датумот на прием на известувањето.
Сите трошоци поврзани со прифаќање на понудената алтернатива ќе бидат на товар на друштвото.
(3) Доколку Договорувачот не достави писмено барање за промена на фонд во наведениот рок од известувањето, Осигурувачот вредноста на инвестициското портфолио на денот на настанување на состојбата наведена во став 2 од овој член, ќе ја смета како паричен износ кој ќе се инвестира:
- во друг фонд односно фондови со кои управува Друштвото за управување со инвестициски фондови наведено во понудата и полисата која е издадена при склучување на Договорот за животно осигурување.
- доколку не постои можност за распределба во други фондови од Друштвото за управување со инвестициски фондови наведено во понудата и полисата, ќе се инвестира во друг фонд односно фондови од листата на Друштва за управување на инвестициски фондови одредени од страна на осигурувачот.
(4) Доколку договарачот предвидениот рок не ја прифати можноста за премин во друг фонд согласно став 2 од овој член, друштвото ќе му ја исплати вредноста на инвестициското портфолио без наплата на било какви излезни трошоци и ќе му го врати неискористениот дел од премијата за осигурување;

**Член 15**

**Трошоци**

(1) Во рамки на осигурувањето на живот поврзано со инвестициони фондови од премијата за осигурување , осигурувачот наплатува:
- излезни трошоци за откуп на осигурувањето
- влезни и излезни трошоци на инвестицискиот фонд и трошоци за обработка на портфолиото на инвестициските фондови, ако Друштвото за управување со инвестициски фондови во согласност со проспектот за изработка на фонд ги наплаќа.
- трошоци за осигурување

(2) кај договорите со повеќекратно плаќање на премија за осигурување трошоците за осигурување се состојат од аквизициски трошоци, административни трошоци и трошоци за наплата;

(3) кај договорите со еднократно плаќање на премија за осигурување трошоците за осигурување се состојат од аквизициски трошоци и административни трошоци.

(4) Ако согласно законските прописи биде одредена обврска за плаќање на данок на инвестициските вложувања во фондови или на премијата, данокот ќе се одбие од инвестициското порфолио или од премијата за осигурување.

(5) Излезните трошоци за откуп на осигурувањето се во прилог со полисата за осигурување

**ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ**

**Член 16**

**Обврски на осигурувачот**

(1) Осигурувачот има обврска врз основа на договорот за осигурување да му исплати на корисникот:

1. Во случај на доживување, осигурена сума за доживување, односно вредноста на инвестициското портфолио по истек на осигурувањето.
2. Во случај на смрт на осигуреникот за времетраење на периодот на осигурување кога сеуште постои обврската за плаќање на премијата и кога истата редовно се плаќа, осигурена сума во случај на смрт која одговара на збирот на загарантиран износ во случај на смрт и вредноста на ивестициското портфолио.
3. Во случај на смрт на осигуреникот за времетраење на периодот на осигурување кога сеуште постои обврската за плаќање на премијата и кога истата не се плаќа редовно, Осигурувачот загарантираниот износ во случај на смрт и вредноста на ивестициското портфолио намалена за износот на доспеана неплатена годишна премија за ризик смрт.
4. Во случај на смрт на осигуреникот за времетраење на периодот на осигурување кога е договорено ослободување од плаќање на премија, намалениот загарантиран износ на осигурување во случај на смрт и вредноста на инвестициското портфолио

(2) Датум на пресметка на вредноста на инвестициското портфолио се утврдува согласно одредбите од член 20 од овие Услови.

(3) Кога настанува осигурен случај, Осигурувачот ги продава уделите од инвестициското портфолио од договорот за осигурување и ја исплаќа вредност на инвестициското портфолио. Релевантен датум за утврдување на вредност на инвестициското портфолио се утврдува согласно член 20.

(4) Под услов да истото е согласно законските прописи и правилата на инвестицискиот фонд, корисникот на осигурувањето може, најдоцна во рок од 30 дена пред истек на договорениот период на осигурување, односно во случај на смрт на осигуреникот при пријавување на случај смрт, да побара во писмена форма префрлање на негово име уделите во инвестицискиот фонд, наместо исплата на вредноста на инвестициското портфолио.

(5) Ако корисникот на осигурувањето бара пренос на уделите во инвестицинскиот фонд , а друштвото за управување со инвестицинскиот фонд наплатува трошоци за пренос, истите се наплатуваат од инвестициското портфолио. Ако вредноста на инвестициското портфолио е во висина до 1.000 евра, Осигурувачот истата ја исплаќа на сметка на корисникот

**Член 17**

**Ограничување на обврските на Осигурувачот**

(1) Обврската на Осигурувачот постои независно од причината на смртта, освен во случаеви наведени во наредните ставови од овој член.

(2) Осигурувачот не е обврзан да ја исплати осигурената сума во случај на смрт:
- ако осигуреникот изврши самоубиство во првата година од траењето на осигурувањето или умре од последиците на обидот за самоубиство направено во истиот рок;
- ако корисникот на осигурувањето намерно предизвика смрт на осигуреникот, а до тогаш не се уплатени најмалку три годишни премии; - ако смртта на осигуреникот настапила како последица на несреќен случај која осигуреникот намерно ја предизвикал.

1. 3. Осигурувачот не е обврзан да го исплати загарантираниот износ во случај на смрт, туку само вредноста на инвестициското портфолио во случај :

• Како последица на војна или воени операции односно непријателства и ситуации слични на војна.
• Поради дејство на мини и бомби од сите видови или друго воено оружје.
• Како последица на востание, немири, бунт и насилства кои настануваат од такви настани.
• Со извршување на смртна казна.
• Осигурениот случај настане при учество или тренинг на екстремни спортови (особено авто трки, качување по карпи и планини, одење во пештери, алпинизам, авијација и параглајдерство, падобрански скокови, банџи скокови, веслање на брзи води, ски алпинизам, ски борд, боречки вештини, нуркање )”
• Осигурениот случај настане како последица на обид или извршување на абортус без препорака на лекар специјалист,.
• Ако смртта настанала како последица од возење и/или управување на сите видови возила и летала без пропишани исправи за возење и/или управување
• Ако смртта настанала како последица од управување со сите видови возила и летала под дејство на наркотични средства или под дејство на алкохол над дозволената доза согласно позитивните законски прописи .
• При обид на осигуреникот или извршување на казнено дело, како и при бегство по таквата активност
• Ако смртта настанала како последица на природни незгоди и катастрофи – поплава, пожар или земјотрес.
• Смртта на осигуреникот настанала како последица на околности кои осигуреникот намерно ги премолчал или неточно ги пријавил а поради кои осигурувачот не би го примил во осигурување.

**Член 18**

**Пријава на барања поврзани со договорот за осигурување**

1.Осигуреникот или корисникот се должни по настапот на осигурениот случај да поднесат до осигурувачот писмена пријава , за што во случај кога договорот за осигурување е склучен преку осигурително брокерско друштво, осигуреникот може да побара помош од страна на осигурителното брокерско друштво .

2. Пријавата се пополнува на соодветен образец на осигурувачот и со неа се поднесуваат следните документи:

а) Во случај на доживување
• оригинал полиса за осигурување на живот;
• копија од документ за идентификација на корисникот за доживување
• копија од т-ска сметка на корисникот за доживување b) Ако настапи смрт од болест на осигуреникот:
• Оригинален примерок од полисата за осигурување
• Потврда за смртта
• Заверена фотокопија од здравствениот картон ако смртта настанала како резултат од болест
• Оригинален извод од книга на умрени
• Фотокопија од личната карта на корисникот
• Фотокопија од личната карта на осигуреникот (починатиот)
• Решение од оставинска постапка (доколку во полисата не е наведен

корисникот во случај на смрт)
• Фотокопија од трансакциска сметка на име на корисникот
• Комплетна медицинска документација од почетокот до завршувањето на лекувањето
c) Дополнителна документација во случај на смрт од незгода:
• Доказ за настанување на несреќниот случај, односно записник од МВР или истражен судија
• Обдукционен наод
• Резултати од алкотест
3. Осигурувачот има право да бара и други докази потребни за утврдување на правото на исплата.
4. Подносителот на пријавата ги сноси трошоците кои настанале во врска со пријавувањето на осигурениот случај.
5.Друштвото е должно најдоцна во рок од 14 дена од денот на поднесување на барањето за надомест на штета да провери дали кон барањето за надомест е доставена потребната документација за реализација на оштетното побарување и да изврши увид и проценка на оштетувањата. Доколку барањето е некомплетно ,осигурувачот во рокот од 14 дена, по писмен или електронски пат е должен до осигуреникот или од него овластено лице, да побара да се комплетира барањето .
6.Осигурувачот може да донесе одлука за решавање на штетата и во случај кога осигуреникот не постапил по најмалку две последователни барања за доставување на дополнителна документација од став 6 на овој член,но ваквата одлука не може да биде донесена во рок пократок од 90 дена од денот на поднесување на барањето за штета.
7. Осигурувачот нема обврска за исплата на настанатата штета, доколку побарувањето за истата е застарено согласно одредбите од Законот за облигационите односи .

**Член 19**

**Исплата согласно договорот за осигурување**

(1) Осигурувачот е должен да ја исплати осигурената сума согласно со договорот во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот кога ја примил пријавата на осигурениот случај.
(2) Како исклучок, ако за утврдување на постоењето на обврската на осигурувачот и нејзиниот износ потребно е одредено време , односно ако не може да се утврди основаноста на постоење на обврската на осигурувачот или висината на надоместок, рок од став (1) на овој член почнува да тече од денот на утврдување на обврската и нејзината висина.
(3) Осигурувачот во секој случај е должен да го исплати, по барање на овластено лице, неспорниот дел од својата обврска на име на аконтација, ако не е во можност да ја утврди вкупната обврска за исплата во рокот утврден од став 1 и 2 од овој член.
(4) Ако во моментот на утврдување на обврската постои спор околу примената на даночните прописи и другите прописи со кои се утврдуваат задолжителните давања, осигурувачот ќе постапи согласно став (3) од овој член.
(5) Кога осигурувачот ќе ја исплати осигурената сума на лицето кое на неа би имало право во случај кога корисникот не би бил одреден од договорувачот, осигурувачот се ослободува од обврската на договорот ако во моментот на исплатата не знаел ниту можел да знае дека корисникот е одреден со тестамент или со некој друг акт кој не му е доставен. Корисникот има право да бара поврат на исплатата од лицето кое од осигурувачот ја примил осигурената сума, исто важи во случај на промена на корисникот.
(6) Осигурувачот бара пред исплата на осигурената сума потпишување на изјава со која се утврдува исполнување на обврската на осигурувачот, доколку истата надминува износ од 35.000 денари.
(7) Осигурувачот има право на сите доспеани, а ненаплатени рати од премијата, да ги наплати при секоја исплата врз основа на оваа осигурување
(8) За осигурителните покритија при кои осигурената сума зависи од вредноста на инвестициското портфолио, датум на вреднувањето на инвестициското портфолио се утврдува согласно одредбите од член 20 од овие Услови

**Член 20**

**Меродавен датум за одредување на вредноста на уплатите и исплатите од инвестицискиот фонд**

(1) Меродавен датум за пресметување на уплатената премијата за вложување во инвестициски фонд е најмногу петнаесет работни денови од датумот на уплатата на премијата за вложување.
(1а) За новосклучените договори за осигурување на живот Меродавен датум за пресметување на уплатената премијата за вложување во инвестициски фонд е најмногу петнаесет работни денови од денот кога понудата за осигурување ќе биде прифатена.
(2) Меродавен датум за утврдување на вредноста на инвестициското портфолио во случај на доживување е најмногу петнаесет работни денови од денот кога истекува обврската на Осигурувачот.
(3) Во случај на смрт меродавен датум за утврдување на вредноста на инвестициското портфолио е најмногу петнаесет работни денови од денот кога е поднесено барање за осигурен случај смрт.
(4) Меродавен датум за утврдување на вредноста на инвестициското портфолио во случај на откуп или делумен откуп е најмногу петнаесет работни денови од денот кога е поднесено барање за откуп.
(5) Ако купувањето/стекнувањето или продажбата науделот во инвестициските фондови не е возможно во еден од горенаведениот период (пр. Виша сила ), тогаш меродавен датум е првиот следен можен датум.

**ОТКУП НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И ПРОМЕНА НА ДОГОВОРОТ**

**Член 21**

**Откуп на договорот за осигурување**

(1) Откуп на договорот за осигурување или делумен откуп, може да побара договорувачот на осигурувањето со поднесување на писмено барање:
- доколку од почетокот на осигурувањето изминале најмалку три години и доколку во тој период биле платени сите осигурителни премии и доколку постои откупна вредност на полисата, за договори со повеќекратно плаќање на премија.
- доколку осигурителната премија е платена еднократно за целиот период на траење на осигурувањето, договорувачот има право на откупната вредност на полисата после истекот на првата година на осигурување, доколку постои откупна вредност.
(2) Осигурувањето може да се откупи делумно со истите услови од претходниот став ако преостанатиот износ на инвестиционото портфолио изнесува најмалку 1.000 евра.
(3) Во случај на откуп Осигурувачот ја исплаќа вредноста на инвестициското портфолио, намалена за трошоци согласно член 15 од овие Услови.

**Член 22**

**Ослободување од плаќање на премија- капитализација**

(1) На писмено барање, Осигурувачот договорот за осигурување може да го капитализира. Договорот се капитализира со последниот ден во месецот во кој осигурувачот го прима барањето односно до кога е платена премијата. Барањето може да се поднесе ако се поминати најмалку три години од осигурувањето.
(2) Предуслов за капитализација е да вреднсота на инвестициското портфолио да не биде помала од 1.000 евра. Во случај да износот биде помал, може да се исплати вредноста на инвестиционото портфолио, и во тој случај договорот престанува. Во случај на капитализација, на соодветен начин се намалува и загарантираниот износ на осигурување во случај на смрт. Загарантираниот износ на осигурување во случај на смрт со ослободување од плаќање на премија се утврдува врз основа на договорениот процент од вкупниот износ на уплатената премија до моментот на ослободување од понатамошно плаќање на премија. За утврдување на меродавен датум за одредување на вредноста на инвестициското портфолио важат одредбите од член 20 од овие услови.
(3) По капитализација од вредноста на инвестициското портфолио годишно се наплатува премијата за покривање на ризик смрт и трошоците за осигурување. Тоа може, да доведе да бројот на удели во инвестицискиот фонд биде потрошен или еднаков на 0 пред истек на договорениот период на осигурување. Во тој случај Осигурувачот нема обврска да исплати

осигурена сума за доживување, а договорот престанува да важи по истек на периодот за кој е платена премијата за осигурување на ризик смрт.
(4) Наместо потполно ослободување од плаќање на премија, договорувачот на осигурувањето може со писмено барање да побара делумно ослободување од плаќање на премија. Во тој случај новиот загарантиран износ во случај на смрт ќе се утврди аналогно со договорениот процент од вкупно дотогаш уплатени премии и вкупната премија до крај на периодот на осигурување. Ако е побарано делумно ослободување од обврската за плаќање на премија, барањето може да се прифати само ако преостаната вредност на инвестиционото портфолио изнесува не помалу од 1.000 евра.

**Член 23**

**Промена на договорот за осигурување по истек на периодот на осигурување**

По истек на периодот на кој е склучен договорот за осигурување, договорувачот на осигурување може да побара продолжување на договорот за осигурување согласно следните услови:
(а) со понатамошно плаќање на премија за целокупниот период на продолжување на договорот, во рамките на инвестициските фондови со кои управува Друштвото за управување со инвестициски фондови кое е наведено во полисата која е издадена при склучувањето на Договорот за осигурување на живот со посредништво на осигурителното брокерско друштво кое е наведено во полисата на договорувачот, кога за прв пат е склучен Договорот за осигурување на живот.
б) без обврска за понатамошно плаќање на премија.

**Член 24**

**Валута на обврска**

(1) Премијата за осигурување и трошоци поврзани со договорот за осигурување се договараат во евра , и се плаќа во денарска противвредност согласно среден курс на НБРСМ на денот на плаќањето.
(2) Осигурената сума (загарантирана осигурена сума во случај на смрт и осигурена сума за доживување,) и вредноста на откуп или делумен откуп која се исплаќа согласно договорот за осигурување се исплаќа во денарска противвредност.
(3) Договорувачот на осигурување го сноси ризикот за промена на девизниот курс и трошокот за промена на девизниот курс при пресметување на вредноста на инвестиционото портфолио.

**Член 25**

**ОБНОВА НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ**

(1) Осигурувањето на живот кое престанало да важи поради раскинување на договорот за осигурување на живот или било претворено во осигурување без понатамошно плаќање на премијата (капитализација), може да се обнови по писмено барање на договорувачот, најдоцна во рок од 12 (дванаесет) месеци по истекот на месецот за кој е платена последната премија . Осигурувањето од став 1 на овој член може да се обнови само ако до денот на обновата се платени сите достасани премии под услов здравствената состојба на осигуреникот да е поволна за прифаќање во осигурувањето.
(2) Осигурувачот е должен да го прифати или одбие барањето за обнова во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на барањето и дополнителна документација доколку е потребна без лекарски преглед, а ако е потребен медицински преглед во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на барањето и дополнителна документација доколку е потребна. Ако осигурувачот не го одбие барањето во рамките на овие рокови, се смета дека го прифаќа. (3) Ако барањето е поднесено во рок од 6 (шест) месеци од истекот на месецот за кој е платена последната премија, осигурувачот е должен да го прифати барањето без оглед на здравствената состојба на осигуреникот.
(3) Обврската на осигурувачот од обновениот договор за осигурување на живот започнува во 24:00 часот на денот кога осигурувачот го прифатил барањето за обновување ако се исполнети сите претпоставки за продолжување на договорот за осигурување на живот.
(4) Дата на стекнување / купување на удели во отворени инвестициски фондови е најмногу петнаесет работни денови од денот кога започнува обврската на осигурувачот од обновениот договор за осигурување на живот.
(5) Доколку осигуреникот во рок од две години по извршена обнова на осигурувањето изврши самоубиство, осигурувачот ја исплаќа само вредноста на ивестициското портфолио. Доколку осигуреникот во рок од две години по извршеното обновување почине од болест која ја премолчал во барањето за обновување, осигурителот ја исплаќа вредноста на ивестициското портфолио.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 26**

**Форма на изјава, промена на полиса**

(1) Сите изјави на договорените страни мора да бидат поднесени во писмена форма.
(2) Ако со овие услови или договорот за осигурување е предвидена обврската за поднесување на извештаи или барање од една од договорените страни на другата договорена страна, за навременост исполнување на договорените обврски меродавен е денот кога извештајот е примен од страната која го има испратено.
(3) Сите барања за промена, освен наведените во став (4) и (5) од овој член, може да се спроведат во тековниот месец ако истите осигурувачот ги има примена до 25-ти во тековниот месец, а барањата кои осигурувачот ги прима после 25-ти во тековниот месец ќе се спроведат во наредниот месец.
(4) Сите барања за промена на загарантираниот износ во случај на смрт и динамика на плаќање , кои се примени до 25-ти во тековниот месец ќе се реализират со први во наредниот месец, а примените барање после 25-ти во тековниот месец ќе се реализират со последниот ден во наредниот месец.
(5) Сите барања за промена на премија и траење на осигурување може да се бараат најкасно 30 дена пред датумот на почеток на новата осигурителна година.
(6) Договорувачот е должен во писмена форма да го извести осигурувачот за промена на адресата на живеење, односно адресата за известување. Ако договорувачот не постапи согласно претходниот став од овој член, Осигурувачот го задржува правото за испраќање на известувањата на последната адреса која му е позната. Сите одредби од испратените известувања стапуват на сила исто како да ги примил договорувачот на осигурувањето.
(7) Агенцијата за супервизија на осигурување е надлежен орган за супервизија на работењето на осигурувачот до која може да се достави жалба во однос на друштвата за осигурување и осигурителните брокерски друштва, друштвата за застапување во осигурувањето и застапниците во осигурувањето .
(8) Исплатата на осигурената сума и уплатата на премијата се врши во согласност со одредбите од Законот за данок на добивка, Законот за персонален данок на доход и останатата даночна регулатива која се однесува на осигурувањето .
(9) Осигурувачот нема да изврши исплата на надомест на штета или да обезбеди друг вид на надомест ,по основа на оваа полиса, доколку плаќањето на штета или друг вид на надомест е во спротивност и/или го изложи осигурувачот на какво било санкции,забрани,рестрикции и ембарго,определени со резолуции на Обединетоте нации, трговски или економски санкции,закони или регулативи на Европската Унија,Република Северна Македонија, Соединетите Американски Држави, или кое било национално законодавство што важи за страните на овој договор.
(10) По однос на договорот за осигурување склучен врз основ на овие услови, осигуреникот нема право на учество во добивка

**Член 27**

**Одредување на корисник на осигурување**

(1) Договорувачот на осигурувањето може во договорот, како и во некои подоцнежни правни работи, па и тестамент, да го одреди лицето на кое ќе му припадне правото од договорот за осигурување.

(2) Ако осигурувањето се однесува на животот на некое друго лице, за одредување на корисникот потребна е негова пишана согласност.
(3) Корисникот не мора да биде одреден по име, туку е доволно во полисата да се наведени нужните податоци за неговото одредување
(4) Кога за корисници се одредени децата или потомците, користа им припаѓа и на оние кои се родени подоцна, а користа наменета на сопружникот му припаѓа на лицето кое било во брак со осигуреникот во моментот на неговата смрт.
(5) Кога за корисници се одредени децата, потомците или воопшто наследниците, ако Договорувачот на осигурувањето не одредил како ќе се врши поделбата помеѓу нив, поделбата ќе се изврши сразмерно според нивните наследнички делови. Ако корисниците не се законските наследници, осигурената сума ќе се подели на еднакви делови.
(6) Ако корисникот е малолетно лице, осигурената сума им се исплаќа на родителите, односно на законските старатели.

**Член 28**

**Заложување на полисата**

(1) Полисата за осигурување може да биде дадена под залог
(2) Заложувањето на полисата има дејство кон Осигурувачот само ако е во пишан облик известен дека полисата е заложена на одреден доверител.
(3) Кога полисата гласи по наредба, заложувањето се врши со индосамент.

**Член 29**

**Застареност**

Побарувањата договорот за осигурување на животот поврзан со инвестициони фондови застаруваат според Законот за облигациони односи.

**Член 30**

**Надлежност во случај на спор**

Доколку не се договори поинаку, а во случај на спор, надлежен е судот според седиштето на Осигурувачот.

**Член 31**

**Заштита на потрошувачи**

(1) Во случај кога осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето смета дека Осигурувачот не се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, истиот може да достави претставка до:
- Организационата единица надлежна за решавање на спорови меѓу договорни страни во рамките на Осигурувачот (Комисија за постапување по преставки);
- Службата за внатрешна ревизија на Осигурувачот;
- Организацијата за заштита на потрошувачи и
- Агенцијата за супервизија на осигурување.
(2) Друштвото за Осигурувачот преку воспоставен систем и интерни процедури одлучува по поднесените преставки во рок од 30 дена од денот на поднесување на преставката.
(3) Осигурувачот води регистар на доставени и решени преставки и за истите во законските рокови е должно да ја известува Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

**Член 32**

**Заштита на лични податоци**

1) Друштвото за осигурување е должно сите податоци за осигурениците и/или други корисници на осигурување со кои се стекнале во текот на вршењето на работи на осигурување, да ги третираат како доверливи податоци.
(2)Обврската за чување на доверливи податоци нема да се применува во следниве случаи:
1) ако податоците се потребни за утврдување на факти во кривични постапки или друга судска постапка и ако од надлежниот суд е добиено писмено барање за доставување на податоци;
2) во случаи предвидени со Законот за спречување перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам;
3) ако податоците се потребни за одредување на правните односи меѓу друштвото за осигурување и негов осигуреник и/или друг корисник на осигурувањето при спроведување на законски постапки;
4) ако податоците се потребни заради извршување на присилни постапки над недвижен имот на осигуреник или друг корисник на осигурувањето, и ако од надлежниот суд е добиено писмено барање за доставување на податоци;
5) ако податоците се побарани од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување или друг надлежен орган за супервизија, а заради спроведување на супервизија во рамките на утврдените одговорности;
6) ако податоците се побарани од страна на даночен орган, а во врска со водење на постапки во негова надлежност
(3) Осигурувачот постапува исклучиво по поднесено писмено барање од барателот на информацијата
(4) Осигурувачот во однос на личните податоци кои ги поседува постапува согласно важечкиот Закон за заштита на личните податоци, Законот за супервизија на осигурување и други законски и подзаконски акти од оваа област, и истите ги обработува во роковите определени согласно интерните прописи.

**Член 33**

**Правна рамка**

На сите односи помеѓу Договорувачот на осигурувањето, Осигуреникот, корисникот на осигурување и Осигурувачот кои не се одредени со овие Услови или со договорот за осигурување, ќе се применува Законот за облигациони односи.

**Член 34**

**Ажурирање на податоци**

1. Осигурителот преку писмо ќе го извести договарачот на осигурувањето да ги ажурира податоците согласно Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, а договарачот е должен да постапи согласно барањето од осигурителот, во рок определен од осигурителот.
2. Идентификација на физички лица се врши со:
• Ажурирање на податоци за физички лица се прави преку повторна идентификација на клиентот и потврдување на неговиот идентитет со поднесување на оригинален и важечки документ за идентификација, издаден од надлежен орган или копија заверена на нотар и изјава за носител на јавна функција.
3. Идентификација на правни лица се врши со:
• Ажурирање на податоци кога клиентот е правно лице или правен аранжман се идентификува и неговиот идентитет се потврдува со документ за регистрација во оригинал или копија заверена на нотар, издаден од надлежен орган на државата во која е регистрирано правното лице или акт за основање на правниот аранжман. Документот за регистрација или основање се поднесува во хартиена и/или електронска форма. Документите за регистрација издадени од надлежен орган на странска држава треба да бидат преведени на македонски јазик од страна на овластен судски преведувач.
• Податоците за идентификување и потврдување на идентитетот на вистинскиот сопственик ги обезбедуваат клиентите во оригинална или заверена документација од трговски, судски или друг јавен регистар, која не смее да биде постара од шест месеци.
4. Доколку договарачот на осигурувањето не постапи по барањето на осигурителот за ажурирање на податоците, осигурителот има право да постапи согласно Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам